

## ДЕЛ ОД ЖИВОТОТ И ПОСТИГНУВАЊАТА НА АРХИЕПИСКОПОТ НА МПЦ-ОА Г.Г. МИХАИЛ

Во врска со улогата на свештеникот Михаил Гогов (архиепископ г.г.Михаил) во македонското иселеништво во Австралија треба да се нагласи следното:

1, Во монографијата „Митрополитот Кирил“ се вели дека црковно-народниот живот почнал да се интензивира во 1967 година, кога во македонската средина во Перт дошол прота ставрофорот Методи Гогов, подоцна поглавар на МПЦ-ОА кој првпат отслужил богослужба на македонски јазик. Потоа, со формирањето на првата македонска православна општина „Свети Никола“, се постигнати извонредни резултати во македонската комуна.

Инаку, како резултат на силниот патриотски дух и приврзаноста кон родната

земја-Македонија, уште во 1962 година Македонците од Перт покренале иницијатива за формирање македонска црковна општина. Потоа било купено местото на аголот од улиците Алберт и Кеили, со цел во почетокот да се изгради културен центар, а потоа црковна општина. Така, била донесена одлука истата зграда да биде наменета и за дом и за црква.

Според зборовите на митрополитот г. Кирил, за успехот на овој потфат се заслужни голем број македонски доселеници, од кои посебно место им припаѓа на: Мита Мијас, Трпче Пеов, Коста Капинков, Коста Ангелковски, Сем Кристи, Томе Миовски, Ване Цигулев, Ване Боршов и многу други донатори и патриоти.

Свеченото осветување на општинската црква „Свети Никола“ е извршено на 6 април 1969 година од митрополитот г. Кирил и дебарско-кичевскиот архијереј, митрополитот г. Методиј во сослужение на свештениците-мисионери: Методи Гогов (подоцна архиепископ на МПЦ-ОА), Методи Лазаревски и Ѓорги Кацарски, збогатена со присуство на голем број истакнати личности од австралискиот јавен живот и неколку илјади Македонци и нивни пријатели.

Црквата го доби името „Свети Никола“ и е втора македонска црква во Австралија. Меѓутоа, за митрополитот г. Кирил тоа беше прва посета на Австралија и прв осветен објект на Македонците. Затоа, често тој живо се сеќаваше за средбите, разговорите и успехот што го постигна во таа средина.

2. Еден од најзнчајните датуми за историјата на црквата „Свети Илија“ и за Македонците од Квинбијан и Канбера е, секако 20 април 1969 година – осветувањето на храмот, ден што се претвори во големо славје и неизмерна радост.

Црквата била осветена од тогашниот надлежен архиерej, митрополитот Кирил, заедно со митрополитот  Методи, свештениците Методи Гогов (подоцна архиепископ на МПЦ) и Методи Лазаревскиа во присуство на бројни иселеници, посетители, тогашниот амбасадор на Југославија Гојко Секуловски, претставници на градот на Католичката и Презвитеранската  црква, високи претставници на Министерството за емиграција на Австралија и други.





**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**